**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Дел. бр. 0901/17-4/5
Дата: 26.07.2024 год.
Крушево

| | |
|---|---|
| **ООУ „Тодор Ангелевски“ Битола** | |
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| Датум на интегрална евалуација: | од 31-ви јануари до 2-ри февруари 2024 г. |
| Број на извештај: | 1/пелагониски/2024 |
| Раководител на инспекциски тим: | Илија Илиески |
| Вид на училиштето: | основно училиште |
| Број на подрачни училишта | Две ( 2 ) |
| Основач на училиштето: | Општина Битола |
| Наставен јазик: | македонски јазик |
| Број на ученици: | 913 |
| Полова припадност | машки 490 / женски 423 |
| Број на наставници: | 76 |
| Претседател на училишниот одбор: | Стојне  Митровска |
| Директор на училиштето | Стевче Петровски |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | Од 9-ти до 11-ти мај 2018 година. |
| Адреса на училиштето: | ул. „Илинденска“ бр. 82 Битола |
| Телефон: | 047 553-084 |
| e-mail: | todorangelevski@hotmail.com |
| Оценка од интегрална евалуација | **Добро ( 2,68 )** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 20, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

# РЕЗИМЕ

Во ООУ „Тодор Ангелевски“ Општина Битола, во период од 31-ви јануари до 2-ри февруари 2024 година, согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и законот за просветна инспекција, извршена е интегрална евалуација, од страна на тим на државни просветени инспектори. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето, како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието.

Од увидот во евиденцијата и документацијата на училиштето, разговорите водени со членовите на училишниот одбор, претседателите на стручни активи на наставници, со членовите на совет на родители, со фокус група на ученици, од посета на наставни часови, анализа на доставени прашалници, тимот на државни просветни инспектори, констатира дека квалитетот на целокупната работа во ООУ „Тодор Ангелевски“ Битола, е на ниво добро (2,68).

Воспитно образовната работа во училиштето се остварува врз основа на наставни планови и програми за деветгодишно основно образование, наставни програми од Cambridge International Examination Centre по предметите: математика, биологија, хемија и физика од VII до IX одд. како и по новата концепцијата за основно образование за учениците од прво до шесто одделение. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. По наставниот предмет ФЗО, поради немање на фискултурна сала, во зимскиот период има прилагодување на наставната програма.

Училиштето нуди и реализира изборни/слободни изборни предмети според интересите на учениците и во зависност со наставниот кадар вработен во училиштето.

Училиштето е недоволно опремено со нагледни средства и технички помагала, како и недоволен број на информатичко компјутерска технологија.

Најголемиот број од учениците и родителите сметаат дека воспитно-образовниот кадар се однесува со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање.

За оваа учебна година, во редовната настава, вклучени се пет ученици со посебни образовни потреби. Во училиштето формиран е училишен инклузивен тим. За сите ученици кои се со посебни образовни потреби има формирано инклузивен тим за ученик. Наставата и вонннаставните активности со учениците со ПОП се реализираат според нивните индивидуални образовни програми.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и инклузивна средина за учење, што поттикнува интерес за учење.

Голем број од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Поголемиот број наставници ги користат стандардите за оценување, но не ги запознаваат ученците и родителите со истите. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни учебни години изнесува 0,83.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на најголемиот број ученици. Најголемиот број од учениците се вклучени во најмалку една воннаставна активност.

Училиштето прибира податоци и изготвува квартални статистички извештаи за постигањата на учениците.

Во училиштето нема пропишани процедури за идентификација на ученици со потешкоти, надарени и талентирани и за ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето квартално ја следи редовноста на учениците, но не се прават анализи и не се планираат активности за намалување на бројот на изостаноците на учениците.

Училиштето промовира редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето редовно превзема активности за да ги промовира постигањата на учениците.

Најголем број од учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од другите ученици и вработените во училиштето. Во училиштето помеѓу вработените постои професионална соработка.

Мислењата и ставовите од родителите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. Училиштето активно е вклучено во животот на општината и урбаната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.

Училиштето ги идентификува учениците од социјално загрозени семејства и за нив повремено обезбедува материјални средства.

Грижата за учениците со емоционални потешкотии е добра. Стручната служба има механизми за препознавање на емоционалните потешкотии кај учениците.

Во училиштето се води грижа за давање на помош на учениците при изборот за продолжување на образованието.

Училишен одбор е составен од седум члена и истиот е конституиран и работи согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

Директор на училиштето како раководен орган има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрување на условите за работа во училиштето.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на наставните програми, како и стручни соработници. Училиштето има склучено договор за соработка со ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола, за ангажирање и соработка на специјален едукатор и рехабилитатор.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Тодор Ангелевски“Битола, се наоѓа на ул. „Илинденска“ бр. 82 Битола, во чиј состав работат подрачните училишта во населбите Горно Оризари и Стрелиште.

Настава во училиштето се изведува на македонски наставен јазик.

Училиштето е основано со Решение за основање број 04-19803 од 29.12.1965 год. а дејноста е верифицирана со решение бр.13-2142 од 1986 год. издадено од страна на Министерството за образование-Скопје. Училиштето е запишано во централниот регистар на РМ со број 08-980/4 од 29.11.2017 год.

Во централното училиште, настава се реализира од прво до деветто одделение во 33 паралелки. Училишниот објект е изграден во 1957 год. располага со 20 училници, три кабинети, училишна библиотека, канцеларии за директор, секретар, стручни соработници, канцеларија за наставници, просторија за технички персонал и тоалети за ученици и наставници.

Подрачното училиште во населбата Горно Оризари се наоѓа на ул. Раштани, Горно Оризари-Битола. Наставата се реализира од прво до деветто одделение, во 14 паралелки, во две смени. Училишниот објект е од тврда градба изграден 1975 год. Во училишната зграда има шест училници, еден кабинет, две помошни простории и спортски терен.

Подрачното училиште во населбата Стрелиште се наоѓа на ул. „Цане Бујукоски“ бб, Стрелиште, во кое се реализира настава од прво до петто одделение, во пет паралелки, во две смени. Училишниот објект е изграден во 1982 година и располага три училници и една помошна просторија. Подрачното училиште не располага со спортски терен.

Затоплувањето на училишните објекти се врши со сопствен систем на централно греење.

Во склоп на училиштето работи продолжен престој за ученици од прво до трето одделение, каде ангажирани се двајца наставници.

Во училиштето се реализира проширена програма за прифаќање на ученици еден час пред и по реализација на наставата.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала делумно ги задоволува потребите за изведување на наставата.

Во учебната 2023/2024 год. запишани се вкупно 913 ученици. Училиштето работи со вкупно 54 паралелки од прво до деветто одделение.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Во воспитно образовниот процес вклучени се вкупно 76 наставници, од кои 64 наставници на неопределено работно време и 12 наставници, на определено работно време. Во оваа учебна година, вработени се тројца наставници-приправници, за кои училиштето има назначено ментори.

Стручната служба е составена од педагог, психолог и двајца библиотекари.

Административната работа ја вршат двајца административни службеници: секретар и благајник.

Од помошно-технички лица во училиштето вработени се вкупно десет лица, од кои осум хигиеничари, еден хаус мајстор/одржувач на парно греење и еден економ.

Училишнето има изготвено Годишна програма за работа за учебна 2023/24 год. (дел. бр.01-244/2 од 30.08.2023 год.).

Училиштето има изготвено извештај за спроведената самоевалуација (дел.бр. 01-328/1 од 29.08.2023 год.).

Училиштето има изготвено Развојна програма (бр. 01-328/3 од 29.09.2023 год.) за период од четири години.

Основното училиште има Статут (дел.бр.01-21/1 од 21.01.2020 год.) и согласност од МОН (УП1 бр.18-443 од 12.03.2020 год.).

Во училиштето формиран е тим за меѓуетничка интеграција.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „ТА-2011“-Битола.

# 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

## 1.1.Планирања на наставниците

Во училиштето сите наставници и стручни соработници посетувале обука за примена на современи методи и техники во наставата, но не и во однос на

планирањата на наставниците. Училиштето нема пропишано процедура за следење и поддршка на планирањата на наставниците. Планирањата на наставниците ги следат стручните соработници педагог и психолог, истите се следат на почетокот на секое полугодие со помош на инструмент за следење, со кој се следи дали планирањата на наставниците содржат: годишни, тематски, месечни, дополнителна и додатна настава, критериумите за оценување, ИОП, воннаставни активности, МИО и ЕКО.

Наставниците на почетокот од учебната година, во рамки на стручните активи, разменуваат искуства и ги разгледуваат планирањата. Во неформална комуникација, мал број од наставниците користат стручни искуства од наставници од други училишта во општината за изготвување на планирањата.

## 1.2. Наставен процес

Делумната опременост на училиштето со нагледни средства и технички помагала, како и немањето на ИКТ опрема за учениците, освен во кабинетот по информатика, ја отежнува реализацијата на наставните програми. Поради немање на фискултурна сала наставната програма по физичко и здравствено образование не може да се реализира во целост, која е слаба страна на училиштето и за тоа во соработка со надлежните институции треба да се преземаат дополнителни активности. Во случај на еднодневно отсуство на наставник часовите се поместуваат, а изгубените часови наставниците ги надокнадуваат во други денови, а во случај на подолгорочни отсуства, наставата се одвива непречено со навремено замена на соодветен наставен кадар.

Изборните предмети и слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми. Најголемиот број од учениците и родителите сметаат дека постапката за избор на изборни предмети ги отсликува интересите на учениците.

Планираните задачи и активности во одделенска настава се приспособени на можностите и потребите на учениците. Најголемиот број од наставниците во предметна настава планираат задачи и активности за сите ученици во паралелката подеднакво, односно не планираат диференцирани задачи и активности за учениците кои имаат потешкотии во учењето и за учениците кои се надарени и талентирани. Наставниците во одделенска настава користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебниците и дополнителната прирачна литература. Во предметна настава голем број од наставниците користат електронски презентации и други приоди и ресурси. Училиштето не располага со доволен број на ресурси, но расположливите ресурси се користат и употребуваат максимално. Наставниците во одделенска настава и мал број од наставниците во предметна настава користат искуствено учење преку поврзување и примена на наученото во реални ситуации од животот. Во одделенска настава почесто се применува учење преку игра и учење преку истражување, што не е случај во предметна настава. За учениците со посебни образовни потреби се користат методи и техники прилагодени на нивните потреби, согласно индивидуалните образовни планови.

Најголемиот број од учениците и родителите сметаат дека воспитно-образовниот кадар се однесува со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. Најголемиот број ученици сметаат дека на часовите

постои ефикасна комуникација насочена кон постигнување на целите на часот и можат слободно да се изразат на часовите.

Во училиштето формиран е инклузивен тим на училиштето и инклузивни тимови за учениците со посебни образовни потреби. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставник. Инклузивниот тим на училиштето обезбедува поддршка на инклузивните тимови на ученик при изработката на индивидуалните образовни планови. Наставата и воннаставните активности со учениците со ПОП се реализираат според нивните индивидуални образовни програми. Училиштето активно соработува со ООУ со ресурсен центар „Кочо Рацин“-Битола, за унапредување на наставата за учениците со ПОП. Наставниците не се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Училиштето не располага со асистивна технологија, Училиштето има монтажен пристап во училиштето за лица со физичка попреченост. Просторот во ходниците, училниците и тоалетите не е приспособен за потребите на учениците со физичка попреченост. Постигањата на учениците со ПОП се следат и вреднуваат во согласност со нивните индивидуални образовни планови. Во воннаставните активности редовно се вклучуваат и учениците со ПОП согласно нивните интереси и можности. За четири ученици со ПОП обезбедени се образовни асистенти.

Тимот за училишна интеграција работи според своја годишна програма за работа и го спроведува Акцискиот план за ПМИО за учебната 2023/24 година, со кој се предвидуваат разни активности за запознавање на учениците со културата и обичаите на другите етнички заедници во државата. Училиштето нема партнер училиште и последен пат реализирало заеднички активности со ООУ „Гоце Делчев“ Битола, во учебната 2020/21 година. Во последните три години училиштето нема реализирано проектни активности преку грантови на МОН или други партнерски организации.

## 1.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и инклузивна средина за учење, што поттикнува интерес за учење. Училиштето делумно ги задоволува потребите на учениците и наставниците за материјали за учење. Голем број од учениците сметаат дека на голем број од часовите начинот на кој се учи и содржините кои се учат се интересни. Но не ги препознаваат како содржини кои ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите во одделенска настава и на голем број од часовите во предметна настава учениците се поттикнуваат на самостојно и критичко размислување. Најголемиот број од наставниците даваат потврдни коментари за активностите на учениците и го користат пофалувањето за мотивирање на учениците.

Наставниците и стручните соработници идентификувањето на индивидуалните образовни потреби на учениците и пречките во процесот на учење на учениците не го вршат систематски. Наставниците за време на часот превземаат активности за задоволување на индивидуалните потреби на учениците и надминување на пречките во процесот на учење. Наставниците во одделенска настава и голем број наставници го предметна настава во процесот на подучување користат различни форми и интерактивни методи на настава и повремено и техники на настава, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби ефикасно да ги постигнат целите.

## 1.4. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето нема дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи нема изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Поголемиот број наставници ги користат стандардите за оценување, но не ги запознаваат учениците и родителите со истите. Поголемиот број наставници применуваат формативно оценување кое е јавно и транспарентно за учениците. Голем број од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Најголемиот број наставници во одделенска настава и мал број наставници во предметна настава ги вклучуваат учениците во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување не се унапредуваат во соработка со стручната служба.

- Коефициент на континуитет на успехот на учениците

Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како аритметичка средина од односот на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е 0,83.

| Учебна година | На крајот од првото полугодие | На крајот на годината | Коефициент |
|---|---|---|---|
| 2020/21 | 4.11 | 4.39 | 0.94 |
| 2021/22 | 3.45 | 4.31 | 0.80 |
| 2022/23 | 3.19 | 4.25 | 0.75 |
| | | | 0.83 |

Наставниците не ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Поголемиот број наставници во одделенска настава и мал број наставници во предметна настава на редовна основа им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

## 1.5. Воннаставни активности и натпревари

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на најголемиот број ученици. Во одделенска настава во склоп на слободните часови, како и во предметна настава се планираат разновидни краткорочни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на најголемиот број ученици.

Во училиштето формирани се ученички секции кои ги одразуваат потребите и интересите на голем број на ученици и тоа: библиотекарска, новинарска, рецитаторска, драмска, литературна, англиски јазик, германски јазик, математичка, природно научна, историска, информатичка, техничко образовна, ликовна и планинарска секција.

Училиштето има формирано училишен спортски клуб „ТА-2011“-Битола, во кој се застапени повеќе спортови: фудбал, футсал, ракомет, кошарка, стрелаштво, пинг-понг и шах.

Најголемиот број од учениците се вклучени во најмалку една воннаставна активност. Во одделенска настава сите ученици учествуваат во најмалку една воннаставна активност. Во предметна настава повеќе од 40% од учениците учествуваат во долгорочните воннаставни активности – секции, од кои најбројна е планинарската со 50 ученици и спортскиот клуб во кој учествуваат 92 ученика.

Голем број на ученици учествуваат на натпревари и конкурси на училишно, општинско, регионално и државно ниво, и тоа по следните предмети: англиски јазик, германски јазик, математика, природни науки, географија, биологија, хемија и физика при што осојуваат бројни награди.

Учениците учествуваат во разни воннаставни активности од општествено корисен и хуманитарен карактер и тоа: собирна акција на храна на „Ден на гладот“, собирна акција за школски прибор, донирање на парични средства за лекување во странство на две деца, чистење на училишните дворови на „Ден на екологијата“ и други активности.

Училиштето не ги вклучува учениците и родителите во процесот на планирање на воннаставните активности. Во склоп на секциите на учениците им се дава можност да учествуваат во планирањето на активностите кои ќе се реализираат.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува квартални статистички извештаи за постигањата на учениците според полот, по сите наставни предмети, по етничка припадност истите се разгледуваат на Наставнички совет, но не врши анализа на прибраните податоци.

Во изминатите три години постигањата на учениците во третиот период бележи незначително намалување. Средниот успех на учениците на крајот од учебната 2020/21 година изнесува 4,39, во учебната 2021/22 година изнесува 4,31 и на крајот од учебната 2022/23 година успехот на учениците е 4,25. Училиштето има потреба од анализи и конкретни препораки за активности во насока на подобрување на постигањата на учениците. Училиштето не изготвува акциски планови со активности за подобрување на постигањата на учениците.

Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и истите се евидентираат во е-дневникот на училиштето, во годишниот извештај за работата на училиштето и во весник на училиштето.

Во училиштето нема пропишани процедури за идентификација на ученици со потешкоти, надарени и талентирани и за ученици со посебни образовни потреби. Во годишните програми за работа на стручните соработници педагог и психолог планирани се активности за индивидуална работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето. Во училиштето нема идентификувано ученици кои се надарени и талентирани. Поддршката на овие ученици се обезбедува од страна на наставниците преку реализација на додатна настава. Воспитно-образовниот кадар смета дека има потреба од дополнителни обуки и активности за детектирање на надарени и талентирани ученици и нивна поддршка.

Во тековната учебна година девет ученици од одделенска настава се идентифукувани како ученици со тешкотии во учењето. Поддршката на овие ученици се обезбедува од страна на наставниците преку диференциран пристап и дополнителна настава и од стручните соработници преку индивидуализирана работа. Има потреба од дополнителни активности од страна на воспитно-образовниот кадар во насока на идентификување на овие ученици и нивна поддршка.

Во училиштето во редовната настава вклучени се пет ученици со посебни образовни потреби, од кои три ученици се во прво одделение и двајца ученици во второ одделение. Училиштето има интерна процедура за поддршка и помош на учениците со посебни образовни потреби и за спроведување на инклузивната политика во училиштето. Училиштето има формирано училишен инклузивен тим, кој во својата програма за работа планира и реализира активности за поддршка на учениците со посебни образовни потреби. За сите ученици има формирано инклузивни тимови за ученик. Во училиштето ангажирани се четири образовни асистенти. Наставниците кои работат со учениците со пречки во развојот имаат изготвено индивидуални образовни планови, а за двајца ученици со посебни образовни потреби, наставниците работат со модифицирана програма. Училиштето во соработка со ОУ со ресурсен центар „Кочо Рацин“ Битола, за секоја учебна година за работа со учениците со наод и мислење од МКФ изготвува заеднички акциски план за работа. За наставниците кои работат со учениците со ПОП, како и за наставниците кои идната

учебна година ќе работат со овие ученици има потреба од нивна обука за работа со ученици со ПОП и обука за изготвување на индивидуални образовни планови.

Училиштето од страна на ООУ „Ѓорѓи Сугарев“-Битола, има добиено согласност за ангажирање на стручен соработник-специјален едукатор и рехабилитатор.

Учениците и родителите се задоволни од поддршката на учениците која им ја обезбедува училиштето преку дополнителната и додатната настава.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Родителите во текот на наставната година квартално добиваат информации за постигањата на нивните деца. Исто така родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на нивните деца преку е-дневникот на училиштето, кој уредно се води и преку отворени денови за родители кои училиштето ги организира два пати во текот на наставната година.

## 2.2. Мерки за подобрување на постигањата на учениците

Училиштето уредно и квартално ја следи редовноста на учениците, но не се прават анализи и не се планираат активности за намалување на бројот на изостаноците. Соработката со родителите за подобрување на редовноста на учениците е преку одржување на заедничките родителски средби. Вкупниот број на неоправдани изостаноци во изминатите две учебни години е зголемен за 2,5 пати, додека просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик има тренд на зголемување. Во претходната учебна година просечниот број на изостаноци изнесува еден неоправдан изостанок по ученик. Во изминатите три учебни години кај учениците од прво до петто одделение нема евидентирано неоправдани изостаноци. Во учебната 2022/23 година, најголем број на изостаноци имаат направено ученици од седмо одделение, кај кои просечниот број на неоправдани изостаноци изнесува по 6 неоправдани изостаноци по ученик. Од статистичките податоци за изостаноците на учениците во изминатите три учебни години, се забележува благ пораст како на оправданите, така и на неоправданите изостаноци на учениците.

Во изминатите три учебни години на крајот од учебната година сите ученици се со примерно поведение.

Во однос на редовноста на учениците од страна на психологот во училиштето се вршат советувања на ученици и нивни родители. Во изминатите три учебни години бројот на советувања на ученици по однос на редовноста е значително мал. Во текот на оваа учебна година реализирани се четири советувања на родители и ученици за нередовно посетување на настава. По однос на намален успех во оваа учебна година извршено е советување на 16 родители и за 10 ученици. По однос на несоодветно однесување на ученици реализирани се две советувања за родители и ученици.

Постапката за советување на родители се спроведува во согласност со Програмата за советување на родители и на ученици во основните училишта и Законот за основното образование. Советувањата на родителите и учениците ги реализира психологот, за што води уредна документација. Советувањата на учениците во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

Мал број од наставниците користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината нема промена во реализацијата на наставата во насока на подобрување на постигањата. Училиштето

на почеток на учебната година изработува распоред за дополнителна настава, но ја реализира само по одделни наставни предмети.

Училиштето не ги анализира резултатите од дополнителната и диференцираната настава од аспект на придонес кон постигањата.

# 3. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## 3.1. Училишна клима

Училиштето ООУ „Тодор Ангелевски“-Битола, во своето опкружување е препознатливо по својот добар наставен кадар, по постигањата на учениците во

воннаставните активности, добрата клима и односи, како и постигнатиот успехот на голем број ученици што го имаат и по завршување на основното образование. Наставничкиот кадар е почитуван од страна на учениците и родителите. Училиштето промовира редовност, дисциплина и соработка со локалната заедница. Спроведува воннаставни активности по кои е препознатливо во средината, како активности на: планинарската ученичка секција, училишниот спортски клуб, хорот и оркестарот.

За афирмирање на воннаставните активности училиштето соодветно користи различни медиуми: училишен весник „Ластовичка“, ФБ-страницата, брошура, училишен водич за родители, интернет-страница, прославата на патрониот празник, интернет-страната на општина Битола, како и голем број манифестации во соработка со локалната заедница. Во училиштето на видни места има истакнато пехари и други награди. За време на патрониот празник, на успешните ученици им се доделува благодарница и книга и се организира свечена манифестација во Центарот за култура-Битола. Истотака, училиштето избира првенец на генерација.

Постојат кодекси на однесување на ученици, наставници, други вработени и родители, за кои одвреме навреме се дискутира во соодветните групи. Истотака, има изготвено и Етички кодекс на наставници и стручни соработници. Истите во најголема мера се почитуваат. Кодексите се изработени со учество на претставниците на наставници, ученици и родители, и се усвоени во транспарентна процедура. Во Правилникот за изрекување на педагошки мерки на ученици и Етичкиот кодекс на наставници и стручни соработници се пропишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, дадени со кодексите за ученици и наставници. Има мал број на примери на спроведување на овие процедури, особено за ученици. Повремено кодексите во училиштето се ревидираат и ажурираат.

Училишната клима е добра. Помеѓу поголемиот број на учесници во училишниот живот постои заемно почитување и соработка. Меѓу вработените постои професионална и тимска соработка. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени најчесто придонесуваат за одржување на позитивна атмосфера во училиштето и ги упатуваат учениците да се грижат едни за други, како и за училиштето. Најголем број ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици. Главно нема закани, говор на омраза, провокации, сериозни навреди и нема пишани графити со негативни пораки. Средината за учење главно е мотивирачка за учениците, за да си поставуваат високи цели. Од разговор со ученици, се констатира дека учениците сакаат да имаат спортска сала и да се доопремат кабинетите.

Поведението и дисциплината во училиштето се добри. Во училиштето има куќен ред кој е истакнат на видно место и истиот главно го почитуваат учениците и вработените. За време на наставата и воннаставните активности најчесто има работна динамична атмосфера. За време на часовите сите ученици ги поставуваат своите мобилни телефони на тивок режим и ги оставаат во посебна кутија до наставникот. Со тоа во голема мера се постигнува ред на часот. За време на одморите по даден распоред наставниците дежураат и се грижат за однесувањето на учениците.

Во училиштето има проширена програма за прифаќање на учениците еден час пред и по завршување на наставата. Истотака, во централното училиште на приземниот кат има продолжен (дневен) престој, за престојување и згрижување на 53 ученици од прво до трето одделение, со кои работат две наставнички.

Во училиштето се применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки на учениците кои не се редовни или направиле повреда на кодексот на однесување. Во текот на првото полугодие од оваа учебна 2023/24 година биле изречени 12 усни опомени од одделенски раководител, 2 мерки намалено поведение од примерно на добро, и 1 мерка намалување на незадоволително поведение и префрлување во подрачно училиште. Со сите овие ученици, согласно закон, тимот за поддршка извршил советодавни разговори и други активности.

Во училиштето има Ученички парламент, кој работи со поддршка на училишниот педагог и еден наставник. Истиот има своја програма на активности и изготвен е извештај на сработеното. Избрани се двајца ученици-правобранители и нивни заменици. Учениците главно се информирани од страна на претставниците на ученичкиот парламент за работи кои се од нивни интерес. Повремено во ученичкиот парламент се дискутира и се решава за одредени ученички проблеми. Во последните три учебни години постојат две реализирани иницијативи на ученичкиот парламент. До сега учениците членови на ученичкиот парламент не биле поканувани на состаноците на училишниот одбор. Учеството на учениците во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми делумно задоволува.

## 3.2. Еднаквост и правичност

Во училиштето се избрани два ученици правобранители, но се реализирани мал број на активности за заштита и унапредување на правата на учениците. Поголем број од вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. На оваа тема од страна на стручната служба во соработка со релевантни институции и повремено со родители се прават работилници и предавања на учениците. Во училиштето повремено се прават предавања и со цел учениците да препознаат дискриминација и корупција.

Родителите се запознаваат со правата на учениците најчесто на почеток на наставната година. Најголем број на ученици сметаат дека нивните права се почитуваат.

Во училиштето често се промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици, независно од способностите и потеклото. Учениците најчесто знаат да препознаат нееднаков третман, и во таков случај се обраќаат кај одделенскиот раководител или стручната служба. На поплаки од ученици за нееднаков третман училиштето навремено се реагира и се одлучува на соодветните органи. Во училиштето постојат маргинализирани односно ранливи групи на ученици, кои се вклучени во училишните активности.

## 3.3. Партнерски однос со заедницата

Партнерскиот однос на училиштето со заедницата е добар. На родителите им се достапни сите информации од сите аспекти на работа на училиштето. За оценувањето и поведението на учениците добиваат информација преку Е-дневникот и во личен разговор со одделенските и предметните наставници. Родителите не се вклучени во подобрување на воспитно-образовната работа. Има голем број примери каде

родителите се вклучени во воннаставните активности, каде биле реализирани идеи на родители.

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница. Се реализираат голем број воннаставни активности во соработка со општина Битола, Црвен крст, Центар за култура-Битола, НУ Библиотека, Советот за детско престапништво, НВО „Порака“ и други институции, каде учениците заедно со наставниците реализираат заеднички проекти и настани од интерес на училиштето и заедницата.

### 3.4. Севкупна грижа за учениците

Во училиштето е формиран тим за превенција од меѓуврсничко насилство, кој има своја програма и прави извештај. Се реализираат бројни активности за препознавање и справување со сите видови на насилство. Учениците се запознаени со разните видови на насилство и најчесто на одделенски час разговараат за нивно препознавање и справување со нив. Во последните три учебни години немало појава на сериозен облик на насилство во училиштето. При појава на полесен облик на насилство училиштето преку своите служби и органи навремено реагира и успешно се справува. Во оваа насока, педагошко-стручната служба во соработка со одделенските раководители често прави работилници и предавања за учениците, за видовите насилство и начините на негово спречување или надминување. При ова училиштето соработува со МВР Битола, Центар за социјални работи и други институции. Преземените активности во училиштето придонесуваат да нема сериозен облик на насилство и да се зголеми степенот на толеранција и емпатија меѓу учениците.

Во училишната зграда на видни места се поставени знаци за забрана од пушење, внесување и консумирање на алкохол и наркотични супстанции. Од страна на вработените се почитува законот за забрана на пушењето. Педагошко-стручната служба често прави работилници и предавања на учениците, за теми од спречување и справување со зависности, при што има соработка со Центар за јавно здравје Битола. На одделенските часови често се прават предавања за превенција од зависности и промоција на здравото живеење.

Во училиштето не е организирана исхрана на учениците. Учениците сами си носат храна од дома или купуваат од блиските продавници и пекари. Училиштето не обезбедило докази за исправност на храната што се продава во блиските пекари или продавници. Повремено се врши промовирање на здрава исхрана кај учениците.

Хигиената во централното и подрачните училишта е добра. Во централното училиште заради инфраструктурни проблеми во долните простории има мирис на мувла. Училиштето располага со дезинфекциони средства и опрема за одржување на хигиената. Училниците, ходниците и подовите се чистат во текот на денот. Корпите за отпадоци редовно се чистат, а се врши и селекција на отпадот. Два пати годишно се прави чистење на прозорци, врати и друг инвентар. Училиштето нема направено бојадисување на училниците повеќе години. Училишниот простор на учениците не делува како стимулирачка и мотивирачка средина, што би поттикнувало интерес за учење.Тоалетите за учениците се добри, се одржуваат чисти, а во нив повремено има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето воспитно делува учениците да водат сметка за својата и хигиената на училиштето. Во централното училиште дел од училишниот двор е хортикултурно уреден, не е целосно ограден и недоволно чист. Во подрачните училишта училишните дворови се оградени, доволно чисти и уредени.

Училиштето располага со програма за превенција од заразни болести. Со учениците се реализираат предавања и работилници за превенција и заштита од заразни болести. При ова училиштето има соработка со релеватни институции.

Во училишните објекти извршено е дезинфекција, дератизација и дезинсекција. Во 2021 година е извршен систематски преглед на вработените, а постапката за систематски преглед на вработените оваа година е во фаза на извршување. Според календарот за имунизација, редовно се вршат систематски прегледи, како и стоматолошки прегледи на учениците.

Во училиштето пет лица имаат сертификат за давање прва помош. Потребно е да се набави уште материјал за давање на прва помош при несреќен случај. За вработените во училиштето е извршена обука за безбедност и здравје при работа.

Во училиштето има 11 ПП апарати, кои се сервисирани. Во централното училиште има еден хидрант, кој не е исправен, додека во ПУ Стрелиште и во ПУ Горно Оризари има по еден хидрант. Во трите училишни згради не е извршено мерење на постоечката громобранска инсталација. Во централното училиште има план за евакуација, кој е поставен на видно место. Во изминатиор период не е извршена симулација на евакуација на лица во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Во училиштето има вработени лица кои посетувале обука за противпожарна заштита.

Училиштето ги идентификува учениците од социјално загрозени семејства и за нив обезбедува материјални средства. Минатата учебна година 42 ученика земале образовен додаток од Центарот за социјални работи, како деца од социјално загрозени семејства. Во училиштето повремено се организираат хуманитарни акции за помош и поддршка на ученици од социјално загрозени семејства.

Во оваа учебна година нема ученици кои заради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава.

За четири ученици со посебни образовни потреби училиштето има обезбедено образовни асистенти.

Грижата за ученици со емоционални потешкотии е добра. Стручната служба има механизми за препознавање на емоционалните потешкотии кај учениците. Училишниот психолог има сертификат за интегративна психологија и е обучен да им помогни на овие ученици и нивните родители. При ова училиштето соработува со Центарот за ментално здравје-Битола и „Анима“-Центарот за помош на психичкото здравје. Учениците со емоционални потешкотии се идентификуваат преку одделенските раководители, со нив се спроведуваат активности за социо-емоционално учење. За одредени ученици се бара соработка од соодветни релевантни институции.

Во училиштето се води грижа за давање на помош на учениците при изборот за продолжување на образованието. Педагошко-стручната служба секоја учебна година врши разговори и анкетирање на учениците од деветто одделение, за нивните општи и посебни способности (RIASEC тест). Ги запознава и со објавениот конкурс за упис во средно образование. Средните училишта од градот вршат свое презентирање во училиштето, а учениците од деветто одделение ги посетуваат на нивниот „отворен“ ден. Училиштето редовно обезбедува податок за секој запишан ученик во прва година средно образование. Поголемиот број завршени ученици го задржуваат истиот успех во средно образование.

# 4.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

## 4.1 Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива. Работата на училишниот одбор е дефинирана со деловник за работа. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури само на формално ниво.

Членовите на училишниот одбор се со легитимен мандат. Претседателот на училишниот одбор е од редот на родителите. Членовите на училишниот одбор се запознаени со нивните надлежности. Училиштето нема обезбедено обука за новите членови на училишниот одбор, заради успешно извршување на улогата на управување. Состаноците на училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат на седници и за работа на седиците секогаш се обезбедува потребното мнозинство. За одржаните состаноци се водат записници. Во изминатиот период нема случаеви на одложување на седници поради немање кворум за работа. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи и други работи кои се во негова надлежност.

Училишниот одбор за својата работа, преку огласната табла во училиштето ги информира сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки. Соработката со локалната, деловната и граѓанските организации делумно задоволува. Недоволно се реализираат стратешките цели дефинирани во развојната програма.

Во училиштето се прави план за користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Училиштето по барање на наставниците обезбедува потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности. Во предметна настава нема доволен број на наставни средства и технички помагала за реализарање на целите од редовната настава и воннаставните активности. Училиштето во согласност со своите финансиски можности го планира и навремено го обезбедува потребниот потрошен материјал.

Училиштето располага со училишна библиотека која ги задоволува потребите на учениците со лектири и друг вид на литература. Вкупниот библиотечен фонд изнесува 20 000 книги, од кои 5 888 книги се лектирни изданија, 3 363 книги стручна литература, книги на англисики и германски јазик и друга литература 12 286 книги. Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер и има пристап до интернет. Библиотечната евиденција се води во пишана и електронска форма. За работа на библиотеката ангажирани се двајца стручни соработници-библиотекари. Работното време во библиотеката е прилагодено на потребите на учениците од двете смени.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на наставните програми, како и стручни соработници. Училиштето има склучено договор за соработка со ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола, за ангажирање и соработка на специјален едукатор и рехабилитатор.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и ги

вклучува наставниците и стручните соработници во интерни и екстерни обуки. Училиштето нема интерни акти и воспоставени механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Работата на наставниците-приправници ја следи ментор, кој на приправникот му дава соодветна стручна помош преку остварување на програма за работа на ментор.

### 4.2 Цели и креирање на училишната политика

Училиштето има договорени процедури за донесување училишни политики кои ги вклучуваат раководните структури. Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничката интеграција, професионален развој на наставниците, унапредување на постигнувањата на учениците и соработката со родителите.

Училиштето преку развојната програма и годишните програми за работа, работи на подобрување на квалитетот за работење во училиштето. Активностите за остварањето на развојните цели се планираат со развониот план, но училиштето нема план за следење и евалуација на резултатите остварени од развојните цели. Училиштето ги запознава наставниците, учениците и родителите за динамиката на остварување на развојните цели преку нивните органи.

Директорот на училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и негово трошење. Училиштето има изготвено финансиски план за тековната година кој е одобрен од Училишниот одбор и Советот на Општина Битола. Буџетските приоритети не се секогаш поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето.

# НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## Јаки страни

- Реализацијата на воннаставните активности се добри.
- Најголемиот број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање.
- Добра соработка помеѓу сите структури во училиштето.
- Поведението и дисциплината на учениците се добри.

## Слаби страни

- Училиштето нема пропишано процедура за следење и поддршка на планирањата на наставниците.
- Мал број од наставниците во предметна настава планираат диференцирани задачи и активности за учениците кои имаат потешкотии во учењето и за учениците кои се надарени и талентирани.
- Наставниците не ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.
- Недоволен број на наставно-нагледни средства и помагала, како и недоволен број на информатичко компјутерска технологија.

## Препораки

- **Училиштето да изготви интерен акт за следење и поддршка на планирањата на наставниците.**
- **Училиштето да превземи активности наставниците да планираат диференцирани задачи и активности за учениците кои имаат потешкотии во учењето и за учениците кои се надарени и талентирани.**
- **Наставниците да ги користат информациите добиени од следењето на постигањата на учениците при планирањето и реализацијата на наставата.**
- **Училиштето во соработка со основачот да даде приоритет за обезбедување на финансиски средства за набавка на наставно-нагледни средства и помагала, како и набавка на информатичко компјутерска технологија.**

| | |
|---|---|
| Илија Илиески, Инспектор, раководител на инспекциски тим | |
| Гордан Трифуновски, Инспектор- член | |
| Весна Корлевска, Инспектор-член | |